**2 јули, 2015 г. - "Sardich MC" доби официцијална согласност за Проектот за проценка на влијанието врз животната средина (EIA) за рударскиот комплекс за производство на катоден бакар „Казандол“.**

Согласно со законските прописи на Република Македонија[1] и меѓународните стандарди за спроведување на проектот – рударски комплекс за производство на катоден бакар „Казандол“, “Sardich MC” поднесе информации до Минстерството за животна средина и просторно планирање за намерата за извршување на проценка на влијанието врз животната средина во ноември, 2014 г. Проценката ги разгледува сите можни ризици за животната средина на краток и долг рок, ги зема предвид проектните активности од аспект на личност и од аспект на државата и предлага побезбедни и попродуктивни можности за спроведување, па затоа оваа проценка е основа за какви било нови проектирања на објекти.

По добиеното одобрение од Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со „Empiria EMS“[2], "Sardich MC” го подготви и испорача на преглед Проектот за проценка до Министерството за животна средина и просторно планирање на 27 јануари, 2015 г. Проектот детално ги проценува сите можни влијанија врз животната средина во фазата на изградба и на експлоатација, согледува аспекти како подземните и површински води, воздухот од животната средина, почвата, произведувањето на отпад, бучавата, вибрациите, разновидноста на живиот свет, проблемите со теренот, како и социо-економското влијание и влијанието врз земјоделството и културното наследство.

Почитувајќи го Членот 91 од Законот за животната средина, се одржа јавна расправа во Домот на културата во Општина Валандово на 30 март, 2015 г. со учество на претставници од "Sardich MC", Министерството за животна средина и просторно планирање, локалната администрација, граѓански и еколошки организации и други засегнати страни. По претставувањето на Проектот од страна на експертот за животна средина Марјан Михајлов од „Empiria EMS“, беше оставен простор за прашања каде што се поставува прашања за технологијата и се искажуваше загриженост од можните влијанија. Изготвувачите на Проектот за проценка ги одговараа и коментираа на прашањата, потенцирајќи ги следните предности на избраната технологија: нема испуштање на загадувачи во воздухот, земјата и површинската вода, ниско ниво на бучава од ископувањето, нема опасен отпад од ископувањето и можност за негова обработка, минимално влијание врз природата и разновидноста на живиот свет, нема значително влијание врз теренот и други.

По заклучокот од јавната расправа, посебна Комисија од Министерството за животна средина и просторно планирање го прегледа Проектот за проценка изготвен од "Sardich MC” и ја потврди неговата усогласеност со сите барања кои ги имаат сличните проекти. Врз основа на извештајот од горенаведената Комисија, Министерството за животна средина и просторно планирање издаде официјална Одлука за согласност за Проектот за проценка на влијанието врз животната средина[3] на *2 јули, 2015 г.*

---

[1] Одлука за дефинирање на проекти и критериуми за потребата од извршување на проценка за влијанието врз животната средина (Службен весник на Република Македонија, 74/2005).

[2] „Empiria EMS“, македонска сертифицирана компанија, експерти за македонски и европски законски норми, стандарди и за најдобра достапна технологија во однос на заштитата на животната средина. Компанијата има работено бројни проекти, стратешки документи, проекти за проценка на влијанието врз животната средина и проекти за просторно планирање.

[3] Одлука за согласност за спроведување на проектот рударски комплекс за производство на катоден бакар „Казандол“, Општина Валандово, број 11-866/19 од 2.7.2015 г.